# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 27.10.2016; година IV; бр. 25

www.medium.edu.mk


ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

## На учениците им треба филмска писменост



Во време на дигиталната ера, кога од сите нишани сме „бомбардирани“ со разни информации и приказни, употребата на видеото како алатка за нивно визуелно претставување зема сè поголем замав. За тоа сведочи и еден од последните трендови на социјалните мрежи, каде што медиумите, институциите, организациите, но и обичните корисници сè почесто наместо статус или текст објавуваат разни аудиовизуелни содржини. Ова е само една од причините кои ја наметнуваат потребата граѓаните, а пред сè младите да бидат филмски писмени, односно да знаат да ги разберат и критички да ги консумираат видеосодржините, но и да ја развијат креативноста за да можат аудиовизуелно да се изразат.

- Филмската писменост има повеќе дефиниции. За нејзино објаснување јас често се користам со адаптација на една изјава на Џорџ Лукас, кој вели дека за да си филмски писмен значи да знаеш да читаш и да се изразуваш со јазикот на сликите и на звуците. Овој јазик е во основата на сите аудиовизуелни уметности и медиуми, а неговата „граматика“ се наоѓа во филмот, фотографијата, сликарството, музиката - вели Киријана А. Николоска, од здружението за креативни документарни филмови „МакеДокс“.

стр. 5



### ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ИНТЕРВЈУ СО ИГОР АЛЕКСОВСКИ, ГОЛМАН ВО ФУДБАЛСКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ДО 21 ГОДИНА

стр. 3



### КАДЕ БЕВМЕ?

ГИМНАЗИЈА „ЗЕФ ЉУШ МАРКУ“ СКОПЈЕ

ОД СКРОМНА ПАРАЛЕЛКА ДО РАСАДНИК НА ТАЛЕНТИ

стр. 4

### Медиумска лабораторија во Велес

стр. 8


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



Магдалена Сарагинова, професорка во СОУ „Кочо Рацин“, Велес

## Младите не читаат книги

Пред неколку дена наидов на статистички податоци според кои бројот на млади кои никогаш не читаат книги, од 1984 до 2014 година е зголемен за трипати, односно од 9 на 27 отсто. Овие истражувања се спроведени од страна на „Комон сенс медиа“, платформа за отворени ресурси што се занимава со оценување и поставување возрасни граници на филмови, книги, видеоигри и слично. Ова претставува застрашувачка статистика. Причините верувам дека сите ние ги знаеме. Развојот на техниката, технологијата и Интернетот придонесоа младите сѐ помалку и помалку да читаат книги. Се соочувам со сѐ повеќе ученици на кои поголемо задоволство им е да изгледаат некое онлајн-видео, да изгледаат филм снимен според некоја книга, отколку истата да ја прочитаат. Денес читањето книги како вредност, за жал, е потценето и исмеано.

Според истражувањата, девојките генерално читаат повеќе книги од момчињата. Младите на возраст од 14 до 18 години претпочитаат да читаат книги со љубовно-романтична содржина, како што се книгите на Никола Спаркс и Даниела Стил. Ги сакаат и психолошките трилери од кои навистина може да се научи нешто за животот и предизвиците кои тој ни ги нуди. Постојат млади на кои криминалистичките книги им се опсесија. Преку нив си ја хранат љубовта кон професијата и бруталностите со кои таа се соочува.

Од искуството како професор по македонски јазик и литература многупати сум дојдала до заклучок дека на учениците не им се интересни понудените дела во наставната програма. Тоа е така бидејќи на Интернет им се достапни анализите на делата, анализите на ликовите, па поради тоа тие не чувствуваат потреба да ги читаат зададените дела. Многу од моите ученици изразиле желба во наставата да воведеме некоја нова, актуелна книга, кои самите ќе си ја изберат или јас како професор ќе им ја препорачам. Но за жал, тоа не можеме да го реализираме, бидејќи наставната програма по македонски јазик и литература не го дозволува тоа. Таа содржи наставни теми од областа на јазикот и литературата, дела кои учениците веќе ги имаат обработувано во основното образование, па сега во средно им се здодевни за препрочитување и анализирање. Наставниците по македонски јазик и литература неколку пати досега укажуваа дека наставната програма треба да се реформира, меѓутоа Бирото за развој на образованието сѐ уште не презема ништо во врска со нашите барања.

# Учениците од Гевгелија „се повозија“ по рамната тепсија

„Гивгилија рамна кути тепсија“ е насловот на театарската претстава што учениците од средното гевгелиско училиште „Јосиф Јосифовски“ ја одиграа на 20 октомври во Народниот театар во Гевгелија. Претставата се реализираше во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието во организација на УСАИД - Македонија.

Професионални актери и професори активно работеа со група ученици уште од март 2016 година. Секоја седмица се реализираа креативни работилници на кои со учениците се работеше на разни теми, како што се надминување на конфликти, издигање на свеста за различноста и за толеранцијата, зацврстување на самодовербата, невербална комуникација итн. Театарската претстава со наслов „Гивгилија рамна кути тепсија“ е напишана од познатите македонски актери Кети и Горан Илиќ, кои се дел од овој проект, а учениците ги подготвуваа професорките Ивана Кркотиќ-Прошевска и Розета Картова. Темата на театарската претстава е гевгелискиот живот и сите доблести што ги одликуваат гевгеличани, од варењето пинџур до возењето велосипед по „градската рамна тепсија“, преку манифестациите што ја величаат смоквата.

Со порака дека сите сме исти без разлика на возраста, на етничката, верската и социјалната припадност и дека сите треба заеднички да си го градиме животот почитувајќи си ги различностите, учениците успешно се претставија пред гевгелиската публика.

Мими Филова



## Матуранти читаа извадоци од творештвото на Мисирков

Четворица матуранти од скопското средно училиште „Георги Димитров“ интерпретираа дел од творештвото на Крсте Петков Мисирков, по повод 90 години од неговата смрт. Настанот се одржа во градската библиотека „Браќа Миладиновци“ во Скопје и со истиот се искажа почит кон ликот и делото на Мисирков.

Ана Николовска, Олга Дамовска, Леонтина Тодоровиќ и Кристијан Самарџиски се учениците кои читаа извадоци од делата на Мисирков.

Месецов, средношколците, исто така, ја одбележаа и десетгодишнината од смртта на великанот во македонската литература, Петре М. Андреевски.

Со градската библиотека „Браќа Миладиновци“, пак, нивното училиште соработува веќе неколку години и, како што велат оттаму, за тоа е заслужна училишната библиотекарка Маја Темелковска, професорка по руски јазик.

М.И.



## Средношколци од цел Балкан дојдоа на турнир во Скопје



Средношколските екипи од Скопје ги освоија првите места во футсал - машки, кошарка - машки, одбојка - женски, како и во ракомет во машка и во женска конкуренција на меѓународен средношколски турнир што се одржа во главниот град. Единствено како победници не се запишаа ученичките од женската екипа во кошарка, каде што најдобри беа средношколките од Загреб.

Покрај домаќините и гостите од Загреб (Хрватска), на натпреварите учествуваа и средношколски екипи од Подгорица (Црна Гора), Сараево (Босна и Херцеговина) и од Софија (Бугарија).

Меѓународниот средношколски турнир „Скопје 2016“ се одржа во спортскиот центар „Борис Трајковски“, а наградите ги доделија градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и амбасадорката на Хрватска во Република Македонија, Данијела Баришиќ.

А.Т.



## Стрип на ученичка од Штип освои прво место

Средношколката Ивана Пенчова од Штип со нејзиниот стрип победи на 14-от интернационален стрип-салон „Велес 2016“ во конкуренција на 70 други дела. Таа го освои првото место во категорија на натпреварувачи над 18 години. Настанот се одржа од 14 до 16 октомври во Велес, а годинава беше збогатен и со дополнителниот настан „Скопска стрип-акција“, што еден ден потоа се одржа во детскиот културен центар „Карпош“ во главниот град. Српскиот стрип-артист Срѓан Николиќ-Пека, кој ја освои наградата „Златен стрип“ во категоријата за возрасни, заедно со Александар Николиќ беа специјални гости на скопската акција.

Меѓународниот стрип-салон е финансиран од Министерството за култура на Република Македонија и од општината Велес.

Т.Т.

МЕДИУМ

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004 и Александар Самарџиски, aleksandar.sa@novamakednoija.com.mk
**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ИНТЕРВЈУ СО ИГОР АЛЕКСОВСКИ, ГОЛМАН ВО ФУДБАЛСКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ДО 21 ГОДИНА

# Другар ме „издаде“ дека знам да бранам




Фото: Дарко Андоновски



За првпат некоја македонска репрезентација ќе го почувствува теренот на едно големо официјално натпреварување. Фудбалерите на Македонија до 21 година се пласираа на Европското првенство во Полска наредното лето. Ова беше повеќе од доволна причина во овој број од „Медиум“ оваа рубрика да ја резервираме за голманот Игор Алексовски. За очекувањата од настапот, за тоа како другар од клубот го „издал“ дека знае да брани, па станал голман, како и за неговите средношколски денови и „жртвувања“ за фудбалот, се само дел од темите за кои разговаравме со македонскиот репрезентативец.

**Со пласманот на Европското првенство во фудбалската јавност владее вистинска еуфорија. Каква е сега атмосферата во репрезентацијата по оваа временска дистанца? Ве држи ли уште еуфоријата?**

Секако дека сега атмосферата е на највисоко можно ниво. Навистина направивме голема работа, нешто што на никој претходно не му успеало, но не смее сега да нè фати еуфоријата. Иако има време до Европското првенство, треба да се спуштиме, да работиме во своите клубови и да го даваме својот максимум како и досега, на секој тренинг, на секој натпревар.

**Македонија на Европско првенство. Колку верувавте во ова пред почетокот на квалификациите и за време на нив?**

Па најмногу во вакво нешто веруваше нашиот селектор Благоја Милевски. Тој уште од првиот собир на пријателските натпревари беше убеден и веруваше дека можеме да се пласираме. Како поминуваа натпреварите така почнавме и ние да веруваме во тоа и на крајот успеавме.

**Има ли нешто што се смени во репрезентацијата, а беше клучно за овој успех?**

Па, единственото нешто што се смени беше менталитетот. До доаѓањето на новиот селектор секогаш се гледало како да не се изгуби, но оттогаш секогаш гледаме како да победиме на натпреварите. Се создаде одлична атмосфера, сите во репрезентацијата сме како браќа.

**Можеби е сè уште рано да се зборува за тоа, но имате ли поставено цели за Европското првенство? Кои се твоите очекувања?**

Секако дека имаме цели. Нашата цел е да го освоиме, но одиме натпревар по натпревар, односно прва цел ни е да се победи првиот натпревар. Во врска со очекувањата можам да кажам дека ќе го дадеме својот максимум како и на секој натпревар досега и одиме во Полска да се надигруваме со најдобрите во Европа.

**Како започна твојата фудбалска приказна и зошто токму голман?**

Откога знам за себе, уште од мал го сакав фудбалот и не се одделував од топката. Започнав да тренирам на деветгодишна возраст во Македонија Ѓорче Петров, односно веќе тренирам 11 години. А голман сум сакал да бидам отсекогаш. Често бранев во маало и добро ми одеше. Но кога започнав да тренирам во клубот бев играч сè додека не се случи на еден натпревар кога немаше голман, еден другар да ме „издаде“ на тренерот дека знам добро да бранам.

**Кој е твојот идол и во кој клуб би сакал да браниш?**

Мојот идол е Петр Чех, а за клуб, се разбира, Челси. Тој е за мене најдобриот клуб во светот и клуб во кој отсекогаш сум сакал да играм.

**Можеш ли да издвоиш одбрана која најмногу ќе ја паметиш, како и примен гол за кој најмногу жалиш?**

Како најдобра одбрана ќе ја издвојам против Шкотска на гостински терен. Кога уште на самиот почеток од натпреварот противничкиот играч силно шутираше од 20-25 метри и јас со прекрасна парада успеав да ја исфрлам топката во корнер. Најмногу жалам за сите 3 примени гола на натпреварот против Динамо Загреб во Лигата на шампионите, бидејќи имав деби натпревар за Вардар и многу сакав да се докажам и да поминеме понатаму.

**Колку тренинзите и обврските околу фудбалот знаат да бидат напорни? Што сè жртвуваш за да можеш да се посветиш на фудбалот?**

Мислам дека не е толку напорно, бидејќи го сакам фудбалот и задоволство ми е да го играм. Секако, постојат работи за кои треба да се жртвуваш уште како мал за да можеш максимално да се посветиш на фудбалот, но тоа за мене не претставувало и не претставува проблем.

**Што правиш во слободното време?**

Јас сум максимално посветен на фудбалот, но кога имам слободно време сакам да си го посветам на себе, сакам да одморам, да отидам некаде на прошетка во природа, да им посветам внимание на моите дома. Исто така, често играм и „Фифа“. Излегувам со другарите на кафе, но доста време одвојувам и за мојата девојка која, воедно, е мојата најголема поддршка во животот. Доаѓа на секој натпревар да ме бодри, секогаш е тука за мене и многу ми помага.

**Александар Самарџиски**

## Кога другите одеа на екскурзии и излегуваа, јас останував дома

Бидејќи како средношколец учел во средното фискултурно училиште „Методи Митевски-Брицо“, Алексовски вели дека немал проблеми да ги координира обврските околу училиштето и фудбалот. Меѓутоа, признава дека професионалното играње знае да „украде“ мигови од средношколскиот живот.

- Често пати не одев на екскурзии поради тренинзи, кога сите излегуваа навечер по дискотеки и на забави јас останував дома, спремајќи се за утрешниот натпревар. Но тоа се работи за кои не жалам, бидејќи јас така избрав - раскажува тој.

Од средно, вели, најмногу ќе ги памети дружбите и сите лудории што ги поминал заедно со другарите, додавајќи дека тоа се години кои никогаш нема да ги заборави.

На денешните средношколци спортисти, пак, им порачува да веруваат во себе и да го даваат максимумот.

- Да веруваат во своите соништа и да не се будат сè додека не станат реалност. Јас имав таков сон да бидам на едно големо европско натпреварување, верував во тоа и сега сонот стана реалност. Да не се задоволуваат со тоа што го направиле, секогаш да поставуваат сè повисоки и повисоки цели, бидејќи само така може да се успее - порача Алексовски.

КАДЕ БЕВМЕ?

ГИМНАЗИЈА
„ЗЕФ ЉУШ МАРКУ“ СКОПЈЕ

# Од скромна паралелка до расадник на таленти

Познатиот фудбалер Арбен Трстена, пејачот Бени Шаќири и дизајнерката Афродита Кики се само дел од јавните личности чии средношколски денови поминале во клупите на скопската гимназија „Зеф Љуш Марку“.

Ова училиште датира половина век. „Првите темели“ се поставени со формирањето на единствената паралелка на албански јазик со редовна настава во учителската школа „Никола Карев“ во Скопје во учебната 1947/48 година.

Со ова во Македонија започнува редовното школување на албански учители, со што се направени првите чекори за основање на самостојна Учителска школа на албански јазик.

Таквата школа се отвора по пет години во Тетово, каде што е сместена во зградата на основното училиште „Лирија“.

На десетгодишнината од своето постоење, со скромна културна манифестација Школата во Тетово го одбележува јубилејот, а е донесена и одлуката за нејзино преименување во „Зеф Љуш Марку“.

Неколку години подоцна Школата се префрлува во Скопје. Едукацијата продолжила во зградата на гимназијата „Цветан Димов“, а потоа и во тогашното училиште „Коце Металец“, а од 1970 година како дел од гимназијата „Никола Карев“.

Како што поминувале годините, така растеле и бројноста и успесите на учениците.

Освен задолжителната настава, драмските и литературните секции, како и музиката се активности кои со децении се негуваат во ова училиште.

Голем број видни личности од политиката, уметноста, спортот, образованието и музиката биле дел од оваа образовна институција, односно сеќавањата за своите училишни денови ги врзуваат со оваа гимназија.

„Зеф Љуш Марку“, како училиште каде што го завршиле своето средно образование, се споменува во биографиите на режисерот Беким Халили, кој моментално работи во Германија, Шабан Трстена - борач и добитник на златен олимписки медал во Лос Анџелес и на Агон Саити - професор по спорт, кој тринаесет пати е прогласен за најдобар пингпонгар во Македонија.

Она што, исто така, го прави ова училиште особено гордо е наградата за најдобар женски вокал, освоена на меѓународниот натпревар „Stars of tomorrow“ во Турција, во 2005 година, каде што училиштето било претставено од страна на тогашната ученичка Арџина Нагавци.

Од поновите награди од училиштето ги издвојуваат наградата за најдобар филм, направен од тим средношколци, на минатогодишен натпревар во Скопје. Со истото дело учениците се натпреварувале и во Париз, Франција.

Не го заборавaат ниту учеството на нивни ученици во проектот „Мајкрософт офис спешалист“ (Microsoft Office Specialist).

Од успеси во странство, гимназијата бележи прво место на меѓународно ниво по германски јазик, како и второ место на натпревар по хемија на регионално ниво. Многубројни награди се нижеле и во спортот.

Денес гимназијата „Зеф Љуш Марку“ е лоцирана во скопската општина Бутел. Секоја година училиштето ги отвора вратите за ученици во 14 паралелки.

Во третата година од своето образование тука, учениците имаат можност за усовршување во три насоки и тоа: природно-математичка, општествено -хуманитарна и јазично-уметничка насока.

Гимназијата нуди и медицинско образование во четири паралелки, од кои по една за забен техничар и техничар во лабораторија, како и две паралелки за медицински техничар.







Училишниот хор од 2000 година

Учениците и денеска ги негуваат вредностите кои оставиле печат низ децениите на оваа гимназија.

И ден-денеска активно функционира клубот на Црвен крст, преку кој средношколците ја докажуваат својата хуманост.

Продолжува и негувањето на традицијата во областа на уметноста и науката со многубројни натпревари во земјава и во странство. Колективот на „Зеф Љуш Марку“ цврсто верува во визијата за „генерации на иднината“, односно ученици кои во иднина ќе бидат подготвени да се соочуваат со предизвиците на современото општество, кое од ден на ден го зафаќаат нови турбуленции и судири на идеи, мислења, знаења и информации. Мисијата на наставниот кадар е да создаде млади и перспективни личности кои со своето знаење успешно ќе конкурираат на слободниот пазар и ќе продолжат со развојот во науката и во уметноста.

**Анета Јосифовска, професорка по Македонски јазик и литература во „Зеф Љуш Марку“**

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

# На учениците им треба филмска писменост

Продолжение од стр. 1



Таа додава дека образовниот систем преку филмската писменост може да ги научи учениците на критичко размислување, но и на дејствување преку јазикот на сликите и на звуците.

- Изучувањето на филмската уметност и користењето на филмовите во образованието има огромен потенцијал не само за учење на овој јазик, туку и за да се поттикне активното промислување, критичкото консумирање, да се развива креативноста кај младите, да се отвори перспективата на мултиперспективноста, да се сочувствува, да се мечтае, да се дејствува - објаснува нашата соговорничка. Со слично размислување е и професорот по филозофија и граѓанско образование, Владимир Спасовски, кој предава во двете средни училишта „Марија Кири Склодовска“ и „Михајло Пупин“ во Скопје. Како што вели тој, во време на брз техничко-технолошки развиток, за средношколците најбрз начин за восприемање на одредена содржина од која било сфера е аудиовизуелниот прием.

- Кај денешниот млад човек, сликите што ги гледа му се поблиски и поавтентични отколку зборовите што ги слуша. Тој е постојано „бомбардиран“ со секаков вид информации, па затоа од круцијално значење е како да научи да ги селектира и да им даде приоритет на оние кои навистина се битни - вели Спасовски.

Според него, средношколецот треба да биде свесен дека честопати аудиовизуелната содржина предизвикува, поттикнува на размислување и провоцира, сè со цел тој да почне да размислува како критички, така и аналитички. Како што смета професорот, би било од големо значење наставниците освен теоретски, своето познавање да им го пренесуваат на учениците и со разни аудиовизуелни содржини.

- Ваквиот начин на настава остава простор за креативност, развој и созревање на личноста, која се врти кон вистинските вредности, но и ја поттикнува да сочувствува со страдањата на другите луѓе, бидејќи нивните страдања ги гледа директно преку филмот. Улогата на наставникот во ваквиот начин на усвојување на знаењата е да биде поттикнувач и модератор на содржините кои треба да продуцираат изградба на знаења и личности кои ќе бидат совесни и самосвесни - објаснува Спасовски.

Исто така, додава тој, овој вид настава треба да биде застапен во поголем обем, бидејќи на тој начин би се избегнала и монотонијата која често се „јавува“ на часовите. Тој, заедно со повеќе од сто професори по социологија и граѓанско образование, е дел од проектот „МакеДокс во училница“, кој претставува образовен пакет од 15 документарни филмови и прирачници за работа со нив. Проектот е одобрен и од Министерството за образование и наука, а професорите кои досега ја поминале обуката ја спроведуваат програмата во 62 средни училишта во 25 града низ Македонија. Годинава, велат од „МакеДокс“, се подготвува нов сет филмови и прирачник за работа со нив. Наставниците, односно училиштата неминовно треба да бидат дел од оние кои ќе им помогнат на учениците да ги разбираат и да имаат свесен и љубопитен избор на филмови. Покрај нив, сите преостанати кои имаат удел во образованието и во воспитувањето на децата, како што се семејството, медиумите, институциите, кинодистрибутерите и здруженијата, треба да се трудат ваквата способност да ја „вградат“ кај младите.

- Сите овие субјекти треба да ги образоваат и за способноста за критичко гледање и анализирање. Таа треба да се однесува на гледање, консумирање или усвојување на која било содржина, не само филм или визуелна содржина. Училиштата, медиумите и здруженијата артикулирано и систематски треба да го искористат огромниот потенцијал на филмот и на аудиовизуелните содржини како помошно наставно средство во стекнување и пренесување на современи и здрави информации, знаења, ставови и вредности, односно свест и вештина за критички однос кон понудените содржини, со цел градење на активни граѓани кои критички го промислуваат своето место во општеството - наведува Николоска, додавајќи дека филмовите и другите вакви содржини треба да се користат на часовите, пред сè по општествените науки, јазиците и уметностите. Од друга страна, кај оние ученици кои покажуваат особен интерес кон аудиовизуелната уметност образованието треба да им овозможи тие да се стекнат и со способност за користење на филмскиот јазик, односно на техничките ресурси за креирање подвижни слики, а тоа треба да го спроведе квалитетен, образован и професионален кадар од областа на филмската уметност. Леон Ристов е четврта година во приватната гимназија „НОВА“, досега снимил околу 35 видеа и кратки филмови, а сега го снима неговиот краткометражен игран филм „Виктор сонува да изгуби“, на кој проект, вели, најмногу се гордее. Освоил осум меѓународни и државни награди и признанија. Самоук е, но се надградил на приватни курсеви.

- Не сум научил многу на училиште. Сметам дека тоа треба да биде почеста опција, можеби како изборен предмет - вели Ристов, додавајќи дека таму од оваа област имал еден изборен предмет „Филммејкинг“. Почнал да снима од осум години, со камерата на неговиот татко, а за неговите први видеа ги „малтретирал“ сестра му и татко му, а потоа и другарите. Користел само негова опрема и тој, како што вели, бил единствениот што седел зад камерата во речиси сите негови филмови. Во „Виктор сонува да изгуби“, поради сериозноста на проектот ја користи опремата на неговиот ментор Дејан Џолев, додека, пак, камерата и објективите се на Дејан Димески.

- Во 2014 година го посетував курсот за филм и филмски актер, организиран од страна на „Џолев и уметностите“. Овде се запознав со двајца од моите сегашни ментори. Еден од нив е Теа Беговска, која ја водеше програмата и која многу ми помогна при развојот на сценариото за мојот нов филм „Виктор сонува да изгуби“. Вториот ментор е Џолев, кој е основач на студиото и ја организираше истата програма - раскажува средношколецот.

**Александар Самарџиски,**
**новинар на „Нова Македонија“**

## Се одржа филмскиот фестивал за млади „Џифони“

На тема „Сказноверзиум“, од 21 до 26 октомври во Скопје се одржа четвртото издание на филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија“. Во жирито на овој настан беа 500 деца и тинејџери на возраст од десет до осумнаесет години, а покрај учесниците од земјава имаше и од Италија, Хрватска, Србија, Романија, Грузија, Азербејџан, САД, Велика Британија и од Албанија.



Кадри од филмот „Виктор сонува да изгуби“ на средношколецот Леон Ристов

## Филмското образование и во основните училишта

Покрај споменатиот проект „МакеДокс во училница“, од Здружението спроведуваат и низа други програми меѓу кои и „МакеДокс во кино“ наменета за основците. Со неа се опфатени учениците од четврто до деветто одделение и во нејзини рамки се организираат проекции на внимателно изразени документарни приказни раскажани за или од деца и млади. Досега, преку 75 филмови околу десет илјади деца имале можност да научат и да разговараат за кинокултурата, за документарните филмови, екологијата, демократијата и човековите права итн.

Уште еден проект насловен како „Ние сме визуелни“, исто така, е наменет за деца и млади на возраст од 12 до 18 години. Станува збор за други 12 документарци кои треба да бидат дел од формалната и неформалната едукација на учениците. За програмата се обучуваат 120 наставници од основните училишта, како и дваесетина членови од граѓански здруженија.

„МакеДокс“ еднаш месечно организира и проекција на филмови во младинските клубови на Младинскиот образовен форум (МОФ), а на меѓународен план ова здружение е активно со регионалната школа „АКТив“. Станува збор за школа за креативен документарен филм која е наменета за младите од 12 до 25 години од Македонија, Босна и Херцеговина, Косово и Србија. На досегашните две изданија, како што велат, биле создадени 11 кратки документарни филмови.

ЛУКА ИВАНОВСКИ, УЧЕНИК ВО ЧЕТВРТА ГОДИНА ВО СУГС „ОРЦЕ НИКОЛОВ“, СКОПЈЕ

# Без цртањето животот би ми бил црно-бел





Матурант кој во изминативе три години во средношколските клупи на неговите соученици оставил впечаток на скромно момче, но оние кои го запознале подобро за него ќе кажат дека тој има извонреден талент за цртање.

Лука Ивановски е ученик во скопската гимназија „Орце Николов“, кој кога не е на час или не учи - црта! За љубовта кон уметноста кратко и гласно ќе каже дека цртањето го исполнува, а без него животот би му бил црно-бел.

Со цртање се занимава уште од мал, па тука некаде се пронаоѓа и одговорот на прашањето зошто неговите први цртежи, всушност, се инспирирани од ликовите од цртаните филмови што секојдневно ги гледал.

По сликањето уметници се префрлил на правење карикатури, а сега се усовршува во цртањето портрети. Ниту некој му помагал, ниту посетувал приватни часови каде што би ја негувал оваа уметност. Тој е самоук талент, а инспирацијата за неговите дела, вели, ја наоѓа во секојдневниот живот.

Лука Ивановски досега не учествувал и не се претставил на некоја изложба, но цврсто верува дека еден ден ќе си го оствари својот сон, односно оти ќе има сопствена галерија во којашто на јавноста ќе може да ѝ ги претстави своите дела.

Негова пасија се и јазиците, за кои смета дека претставуваат богатство на планетата Земја. Првичниот план му бил токму во оваа насока. Планирал по завршувањето на средното образование, високото да го продолжи студирајќи јазици. Сепак, вели, сфатил дека неговото срце ѝ дава предност на уметноста, па многу е веројатно дека студиите ќе ги насочи во оваа област.

По годините посветени на усовршувањето разни техники и правци на цртање, на средношколецот најголем впечаток му оставиле анимираните филмови. Нивното создавање, според него, ќе му биде предизвик и во иднина, па затоа планира максимално да се посвети на тоа.

Покрај отворањето сопствена галерија, негова желба и надеж е еден ден неговите креации да бидат прикажани и во филмската индустрија.

**Сара Николовска, четврта година во СУГС „Орце Николов“, Скопје**






КРИСТИЈАН ЈОРДАНОВ, УЧЕНИК ВО СОУ „КОЧО РАЦИН“, ВЕЛЕС

# Глуми и пишува, а знае и да запее

Пишува поезија и раскази, паралелно се занимава и со глума, а неговите соученици велат дека слободно може да се фати за микрофон и да запее. Средношколецот во велешката гимназија, Кристијан Јорданов, во моментов се подготвува за неговата улога во театарската претстава која во наредниот период се очекува да биде изведена пред велешани. Кога нема обврски околу претставите, вели, времето го троши на пишување. Токму во овие правци ја гледа и неговата иднина, па затоа планира да студира драма или јазици, како што е турскиот, а од неговите планови не го исклучува ниту новинарството. Глумата, љубовта кон пишаниот збор и музиката се темите на кои разговаравме со средношколецот Кристијан.

**Имаш напишано многу песни и раскази. Кога започна со пишувањето и планираш ли сето тоа да го објавиш во книга?**

Искрено, не знам пред колку точно време. Почнав да пишувам бидејќи добив желба она што лежи во мене да го пренесам и на хартија. Често тоа го објавувам и мојот профил на Фејсбук. Кога станува збор за издавање книга, имам таква намера, меѓутоа истовремено имам и некој страв. Многу други писатели и автори ме охрабруваат да го направам тоа. Не знам кога, но би сакал еден ден моите песни и раскази да ги претставам меѓу корици.

**Кој е твојот омилен литературен жанр?**

Обично кога сакам нешто накратко да кажам тоа го преточувам во стихови, но има и такви работи за кои сакам да се изразам пошироко и тогаш пишувам подолги раскази. Со расказите можам поексплицитно да се изразам и тие често се пишуваат за да се поттикне читателот да размислува за некои прашања.

**Покрај со пишување, активен си и во глумата. Кога беше твојот прв аматерски настап на сцена?**

Ако добро се сеќавам, тоа беше во петто или во шесто одделение за патронатот на училиштето. Љубовта кон глумата се „јави“ пред околу четири години, кога случајно дојдов во контакт со актерката Весна Димитрова-Бобевски. Претходно никогаш немав желба, ниту амбиции да се занимавам со тоа, меѓутоа ми стана интересно и до ден-денес глумата е дел од моето секојдневие.

**Имаш ли трема и како се справуваш со неа?**

Јас имам огромна трема. Но тремата ја имам сè до оној момент кога ќе излезам на сцена, односно веќе во првите реплики заборавам на сè. Меѓутоа, во првите мои претстави не беше така. Се случувало да ми се „блокира“ мозокот и по петнаесетина секунди да сум во тотална тишина на сцената. Подоцна, кога веќе се навикнав, се намали тремата и научив да ја контролирам, но никогаш не се изгуби.

**Кој е твојот идол?**



Ако може така да го наречам, тоа е Игор Џамбазов, човекот на кој му се восхитувам. Можеби затоа што кај него пронаоѓам многу сличности со мене. Тој е дипломиран актер, јас се занимавам со глума, и тој пишува, обожава и пее блуз, а јас се обидувам да ги отпеам неговите песни.

**Меѓу младите велешани важиш за некој кој е талентиран и за музика. Кој е твојот омилен музички жанр и дали си размислувал некогаш да се пробаш и на тоа поле?**

Обожавам блуз, бидејќи ме релаксира, но ја сакам и класичната музика. На оваа листа ќе ја додадам и музиката на Тоше. Никогаш не сум размислувал да се пробам во музиката, но зошто да не ако ми се укаже можност. Јас одам по онаа логика дека човек треба сè да проба во животот. Нема што да изгубам.

**Барбара Бочварова, Илина Димовска и Сара Тодоровска, четврта година во СОУ „Кочо Рацин“, Велес**

# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## Образованието да ни помогне да создаваме критички став

Потфрли македонското образование, на истиот начин како што потфрливме и самите ние, директно инволвирани во тој процес на учење и градење на индивидуи. Се измести очекувањето дека сето она што е напишано набрзина во милион стратегии и програми, на нас учениците ќе ни овозможи да се разбудиме со критички став. Да ја осознаеме важноста на восприемање на информациите кои ги добиваме, особено од медиумите, и да бидеме способни да дејствуваме на начин кој ќе покаже дека сме зрели во тоа поле. Дека како млади сме навистина подготвени да создадеме критички став, нешто што ќе биде наше оружје и понатаму во животот.

Еден од најважните, ако не и најважен фактор кој придонесува за негово создавање е медиумската писменост, која треба да биде дел од формалното образование.

Кај нас, во Македонија, се добива впечаток дека во образовниот систем има толку многу недостатоци и недоработени точки, па кога зборуваме за медиумска писменост само ставаме запирка и ја продолжуваме листата понатаму. Се добива впечаток дека само поради општа задолжителност ќе се појави некој предмет кој ја обработува оваа тема, ќе се развие некоја дебата, ќе се истакне потребата да се перципира независно и критички една порака која допира до нас од различни медиуми и толку. Тоа, за жал, е реалната состојба.

За да се подобри состојбата ни требаат многу нешта, а пред сè ни треба „рестарт“. Да застанеме, да видиме до каде сме, колку грешки се направени досега и каде се наоѓаат младите во фокусот на тие грешки. Да се обидеме да најдеме одговор колку потиснувањето на медиумската писменост во секторот образование трагично ќе влијае врз процесот на создавање граѓани во вистинска смисла на зборот, граѓани кои црпат најмногу што можат од демократијата како систем, и ја користат за остварување на своите мерливи желби и потреби. Но пред сè, ни треба одговор на прашањето зошто несериозно се третира оваа тема ако знаеме какви бенефиции подоцна може да му донесе на целото општество?

Јас неминовно сум сведок на стратегии и проекти кои се планирани во тој контекст. Ама не можам да се сетам кога вистински сум почувствувала дека тие допираат до мене и успешно си ја „завршуваат“ задачата.

Тоа не би било така кога компјутерите, кои се форсираа како значајна реформа што ќе ни го олесни процесот на учење, навистина ќе се усогласат со целиот концепт на образовниот систем и ќе се стават во негова функција. Кога професорите нема да се заглават со задолжителното остварување на ИКТ-технологија, бидејќи и покрај тоа што даваат сè од себе, знаат дека ниту имаме услови, ниту сме подготвени овој систем да профункционира кај нас. Не би било така кога кадрите ќе бидат обучени за работа со технологија. Сето тоа има врска со медиумската писменост во Македонија и со нејзината инклузија во нашите втори домови - училиштата.

Освен во неформалното образование, кои се другите опции што ни преостануваат, каде да бараме други методи на задоволување на нашите потреби за информираност, дебата, критички став, користење на технологијата како примарен фактор за развивање на свеста, не би знаела да кажам.



Верувам дека најголемите бенефиции што ги добив од средното образование беа токму тие што од неформалното образование црпев што можам за да ги надополнам грешките и пропустите во формалното. Во средно научив што сè не можам да научам на час, и побарав друга алтернатива за истото. Во задоволителни мери, успеав да пронајдам, но лутината за фактичката состојба секогаш останува иста.

И знам дека во догледно време состојбата нема да се промени, може само да ме поттикне да бидам дел од оние креатори на промените. Промени во формалното образование и вистинско изучување на медиумската писменост како важен дел од него.

**Ивана Крстиќ, четврта година**
**во СУГС „Орце Николов“, Скопје**

## Сон на работ на смртта



Повеќето од индивидуите се заробени во занданите на општествената немилосрдност и непокорните доследни следбеници на патријархалната „забуна“ во која живееме, но згора на сè и со гордост ја полеваат конзервативноста врз нашите мозоци. Најчесто тие се личностите во кои домашните сакаат да нè идеализираат и насликаат во иднина, а воедно и да нè вклопат во строго утврдената рамка на општествените бунила. И во моментот кога се затвораш во соба и го пушташ омилениот бенд за да ги прикриеш звуците од серијата на мајка ти, почнуваш да се задлабочуваш во своите мисли и во моментите на бура во твоето главче почнуваат да се прилепуваат мислите преточени во калеидоскопи на чии маргини се врежани свесно дискриминираните ставови и размислувања произлезени од умот на младиот дух. Во таква состојба на екстаза, подготвен си за спротивставување насочено кон патријархалните принципи и искажување на желбите и ставовите, но само доколку не би надвладеал антагонистичкиот страв во тебе. Се наоѓаш и ти заробен заедно со неколкумина истомисленици во рудиментирани пранги, а за ослободувањето од истите сте присилени на прифаќање на нормите и правилата кои се диктирани уште од времето на дедо ти. И сепак, мора да се приспособиш пред да кажеш што било, во спротивно ќе бидеш обвинет за неразбирање на светот.

Секојдневно во добро познатите термини ни ја инјектираат промовираната доза на пресни случувања претскажани низ објективите со лошо камуфлирани морали, од кои продираат токсичната омраза и дискриминацијата, а отспротива седнати во фотелја „оние кои го разбираат светот“ без спротивставување се согласуваат со сè што ќе слушнат. Така, најголемите егоисти ни предаваат алтруизам, а иморалистите морализам. Па, ти повеќе не знаеш што е точно, ни што реално. Пет дена во неделата ги поминуваш во слушање предавања и слепо следење на правилата кои ни ги наметнуваат. Истите тие пет дена „бубаш“ лекции и дефиниции до точка од застарени учебници кои те водат до ограничување на твоите имагинарни способности, и повторно од почеток сè додека не те изделкаат во обичен смртник, кој подоцна ќе биде заборавен. Но не си подготвен, сè уште не си подготвен да станеш убиец на твојот сон. Со фенер во ноќта го бараш патот кој ќе те однесе до остварување на сонот, а ти не го препознаваш, немаш поим дека, всушност, си на него, не го замислуваше вака. На истиот срекаваш панкери, рокери, уметници, атеисти, анархисти кои порано беа само причина за презирање. Се оспособуваш да избираш помеѓу нешто на коешто никој порано не те предупредил. Колективизам или индивидуализам? Конзерватизам или модернизам? Либерализам. Анархизам или тоталитаризам? Космополитизам. Насекаде околу тебе одекнуваат гласовите кои ти велат: „остави си ги соништата и следи го принципот за да можеш да заработиш“. И да, зошто да го работиш тоа што го сакаш доколку не би ти донело поголем профит?

Па свесно или не, своеволно или под притисок запаѓаме во дупка со бесконечен мрак, каде што студот предизвикува грчеви на нашите мускули и ни ја оневозможува реинкарнацијата на здравиот разум. А само неколкумина од нив ќе се претворат во феникси и ќе ги достигнат височините, внатрешни или надворешни, и само неколкумина ќе ја пронајдат нирваната во себе. А ти, како сè уште да слушаш гласови? Да, тоа е гласот на мајка ти од дневната соба, која вели: „намали го звукот, ѝ пркоси на серијата“. Со тоа ќе си ги намалиш и мислите во твојата глава. Вака ли ја замислуваше реалноста како мал? Го испи ли реалноста твојот сон?

**Филип Ѓоргиев, ученик во СОУ „Коста Сусинов“, Радовиш**

## Потребни ни се алтернативи за социјалниот живот

На почетокот на моите тинејџерски денови слушав, но и денес сè уште слушам рок и метал музика. Меѓутоа, поради немањето други можности и недостигот од алтернативни сцени за време на ноќниот живот, му „дадов“ шанса на турбофолкот, кој доминира во малкуте ноќни клубови во Велес.

Влегуваш во нив, наоколу полно со твои врсници качени на високи потпетици и нашминкани. Неретко среќаваш и помлади од тебе, деца кои едвај наполниле 13 години. Повеќето од нив се „ложат“ на стиховите како „прву пијем да започне ноћ, другу пијем јер ниси више мој“. Покрај тоа што сето ова изгледа патетично, ти доаѓа да ги прашаш: Кој не е твој? Сестра ти ти го украде кадифеното мече или...?

Одговорите на кои наидуваш од другата страна, пак, се дека чашка ракија не оди без Аца Лукас или дека не слуша турбофолк, но тој е супер за забава и пиење.

За мене сето ова изгледа невкусно, но уште повеќе ме вознемирува подемот на турбофолкот и неговото вметнување во поп-културата меѓу младите.

Сметам дека причината поради која овој вид музика е толку навлезен во нашето секојдневие е, пред сè, недостигот од други алтернативи, места и настани од аспект на социјалниот и културниот живот, особено во помалите градови во Македонија. Ваквиот недостиг придонесува младите сè повеќе да ја изоставуваат својата индивидуалност, да се „претопат“ и предадат на она што ни се сервира со плеј-листите во кафулињата и во дискотеките, на телевизијата.

Кога почнавме да излегуваме со друштвото не сме имале можност да отидеме, на пример, во кино или на куглање, а ако отидеме, пак, во парк и ако решиме да слушаме нешто различно и пуштиме рок музика, секогаш сме биле етикетирани како наркомани или, што би рекле велешани, „немиени“.

Поради ваквото лепење етикети многумина потпаѓаат под влијание, ја губат својата индивидуалност, го занемаруваат сопствениот идентитет и се обидуваат да бидат прифатени од преостанатите. За да бидеш прифатен, ако си женско треба да се дотераш со кратко здолниште и со високи потпетици, а ако си машко треба да облечеш кошула и сако.

Против турбофолк културата немам ништо против, но имам и право истата да не ја сакам. Во врска со вкусот за музика и како тој влијае на интелигенцијата сум прочитала многу странски истражувања. Турбофолкот не е вклучен во нив, бидејќи повеќето луѓе надвор од Балканот не знаат што е тоа, но затоа негов пандан на Запад е т.н. медиунстрим поп-култура, или народски кажано, песните од изведувачите како Бијонсе, Ријана и други. Резултатите од таквите истражувања покажуваат дека младите чиј вкус за музика е ограничен само на „медиунстримот“ имаат најниско ниво на интелигенција. Целта не ми е да генерализирам или да кажам дека оние што го слушаат овој вид музика се неинтелигентни. Напротив, она што сакам да го истакнам е дека, според мене, во турбофолкот преовладуваат квази љубовни текстови, се промовираат и не толку високи морални вредности и се „убива“ уметничкиот дух. Зошто да не побараме други алтернативи или, ако ништо друго, да ги прифатиме оние кои сакаат нешто поразлично?



**Илина Димовска, ученичка во четврта**
**година во СОУ „Кочо Рацин“, Велес**

ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Медиумска лабораторија во Велес




Четвртата по ред медиумска лабораторија, Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и „Нова Македонија“ ја организираа во гимназијата „Кочо Рацин“ во Велес.

На неколкучасовната работилница учениците дознаа како се пишуваат вести, како работи една редакција, како се прави селекција на содржините и кои се професионалните стандарди што треба да ги почитуваат новинарите. На интерактивната работилница учениците вежбаа пишување вести.

Овој настан се организира во рамките на проектот „Коалиција за медиумска писменост“, при што Школата и дневниот весник секој месец ги посетуваат училиштата низ Македонија, држејќи предавања за новинарство и за медиуми. Проектот е финансиран од Европската Унија.

Работилниците се организираат на месечно ниво. Средните училишта кои се заинтересирани да бидат домаќини да се пријават на интернет-адресата medium@medium.edu.mk

## СОВЕТУВАМЕ: Како да се справиме со „сајбербулинг„

**Што претставува?**

Со развојот на модерната технологија исмејувањето и насилството од училишните дворови се префрлија на Интернет, нешто што во денешното современо општество е познато како онлајн-насилство или „сајбербулинг“(cyberbulling). Ако некој се однесува лошо кон вас во училиште, кога ќе си отидете тоа завршува, но онлајн-насилството може да ве следи и дома.

Онлајн-насилство е кога некој користи технологија за да испрати злобни, заканувачки или засрамувачки пораки до некоја личност или за некоја личност. Тоа може да биде преку порака, имејл, текст или пост на социјалните мрежи. Онлајн-насилниците се анонимни и нивните пораки доаѓаат до поголема публика и побрзо се шират, што дополнително може да ја влоши ситуацијата. Често жртвите се чувствуваат како да не можат да избегаат од малтретирањето.

**Како да се заштитите?**

- Никогаш не ги споделувајте вашите лозинки, приватни фотографии или лични податоци (како што се адреса или телефонски број) на Интернет, дури ни со пријателите.
- Добро размислете пред да објавите нешто. Ако сте вознемирени, тажни или бесни почекајте да се смирите, па потоа објавете или одговорете.
- Никогаш јавно не откривајте нешто за што не би се чувствувале добро ако другите го знаат. Запомнете дека кога ќе објавите нешто онлајн, тоа може да биде споделено со секого, вклучувајќи ги вашите родители и професори.
- Кога ќе коментирате за некој друг, размислете како би се чувствувале ако некој тоа го каже за вас.

**Што можете да направите ако сте жртва?**

- Кажете им на вашите родители или на друга возрасна личност од доверба. Тие можат да ви помогнат и не морате сами да поминувате низ сè.
- Зачувајте сè: имејл, пораки, сите објавувања и сл. Не ги бришете додека не направите копии или зачувајте ги на компјутер или телефон.
- Разговарајте со некој од училиштето како професор, педагог, психолог или со директорот.
- Пријавете ги вознемирувачките коментари, лажните профили на социјалните мрежи и недоличните фотографии. Социјалните медиуми имаат можност за пријавување на вознемирувачки содржини.

## СТРИП

Во соработка со Стрип центар на Македонија




www.comicscenter.mk

Автор: Евгенија Трајковска, Скопје

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### Конкурс за аматерска фотографија „Жан Моне„

Делегацијата на Европската Унија ги повикува сите фотографи-аматери од земјата да учествуваат на конкурсот за најдобра аматерска фотографија, во рамките на 14-от конкурс за наградата „Жан Моне“. Заинтересираните треба да достават една фотографија на тема „Животна средина“, која може, но не мора претходно да биде објавена. Фотографиите треба да бидат на тема „Животна средина“, да не се користени за комерцијални цели и авторот да е државјанин на Македонија. Апликантите за оваа категорија треба да ги испратат своите апликации на следнава електронска адреса: JMcompetition@euic.mk, најдоцна до 20 ноември 2016, до 14 часот. Победникот ќе добие диплома и парична награда во износ од 500 евра.

Повеќе информации на http://euic.mk/nastani-2016-ns_article-objavuvanje-na-konkursot-za-nagrada-zan-mone-za-2016-godina.nspx.

### Конкурс за интернационален постер за издигнување на свеста за компост

Комитетот на Меѓународната недела за издигнување на свеста за компостот ги повикува сите заинтересирани да се вклучат во конкурсот „Меѓународна недела за издигнување на свеста за компостот 2017“ и да учествуваат на 15-от по ред Годишен натпревар за постер на тема „Компост! Здрава почва, здрава храна.“ Победничкиот постер ќе стане официјален постер на Меѓународната недела за издигнување на свеста за компостот 2017 и ќе биде репродуциран и дистрибуиран до илјадници луѓе во светот. Победникот ќе добие награда во вредност од 500 долари. Конкурсот е отворен до 14 ноември.

Повеќе информации на http://compostfoundation.org/ICAW-Poster-Contest.

### Пишувај за „Младиинфо„ и предизвикај ги различностите

„Младиинфо“, во рамките на проектот „Младите/Ти предизвикај ги различностите: Претставување на малцинствата во новите медиуми“ ги повикува сите млади, талентирани автори кои сакаат да придонесат за теми што се однесуваат на малцинствата да испратат свои текстови. Темите за кои може да се пишува се однесуваат на европската мигрантска криза, човековите права на ЛГБТ-заедницата во европските земји и во каква положба се наоѓа ромската заедница во Европа. Испратените текстови не смеат да бидат претходно објавувани, треба да бидат оргинални и да содржат од 500 до 800 зборови. Доколку текстот биде избран ќе биде објавен, промовиран и дистрибуиран низ Европа, а авторот ќе биде признаен како младиинфо-автор и ќе биде поканет на настани организирани од мрежата „Младиинфо“. Текстовите треба да се испратат на следната електронска адреса articles@mladiinfo.com. Повикот е во тек.

Повеќе информации на http://www.mladiinfo.eu